НЕДА ПЕТКОВИЌ

# NEDA PETKOVIC

ARTIST

*Лиљана Христова*

**Ф**рагменти од специфични урбани целини со доминација на народното градителско наследство, мртви природи со комбинација на етно мотиви, пејзажи и разни фигуративни претстави, претставуваат тематски предизвик и преокупација на последната изложба на Неда Петковиќ.

**Н**из сите експонати таа покажува посебно сензуален однос кон реалноста и индивидуални тежнеења да ги одбере најспецифичните комплекси на одредениот уметнички мотив, фиксирајќи го во моментот визуелниот и случаен миг на времето кое изминува. Користејќи го фотографскиот реализам како основа, Петковиќ ги надоградува своите сликарски чувства со исто таква прецизност и минуциозност со што композицијата добива една компактна и затворена целина.

**Н**ајспецифично во делата на Петковиќ е играта со колоритот. Таа е сликар на светлина, насликана целосно со боја која ја постигнува со тонови, полутонови, валери и благо нагласување на премините од една кон друга колористичка површина. Наративната функција се состои во обидот да се зачува моменталниот впечаток како парцијален исечок од природата. Прецизниот цртеж и статичната структура на обликот се запоставени и означени со колористичка оштрина на запазувањето.

**К**арактеристиките на творештвото го детерминираат основниот впечаток: Неда Петковиќ е сликар со нагласено чувство за работа со колорит, со светли и топли тонови со кои ја определува формата, со цврст, слободен цртеж при физиономирање на композицијата, со рустичност и едноставност во класично поставената композиција. Изложбата претставува континуитет од претходните фази на нејзиното творештво.

**ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ - ПРИЛЕП**

ВЕ ПОКАНУВА НА ОТВОРАЊЕ НА ИЗЛОЖБА

# С Л И К И
# НЕДА ПЕТКОВИЌ

Петок, 1.10.2004 год.
21.00 часот

ликовна галерија